Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-735/1
28.09 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (“Службен весник на РМ” бр.82/2018) и член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст), Наставничкиот Совет на својата 27 седница одржана на 28.09.2023 го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за кредити и признавање на кредити

1. **Предмет на уредување**

**Член 1**

Со Правилникот за кредити и признавање на кредити (во натамошниот текст: Правилник) се уредува начинот на пресметување и добивање на кредити во функција на одмерување и споредба односно оценка на достигнувањето на студентите во учењето, и/или трансфер на студенти од друга високообразовна установа на Бреинстер Некст Скопје.

2. **Кредитен систем/Кредити**

**Член 2**

Кредитот го одразува квантитетот на работата што ја бара предметната програма во однос на вкупниот квантитет на работатата што се бара за да се заврши комплетна учебна година на студии т.е. предавања, практична работа, семинари, вежби, индивидуална работа, проекти, проверка на знаење и друго.

Студиите на Бреинстер Некст се остваруваат врз основа на студиските и предметните програми, изработени според правилата на Европскиот систем за трансфер на кредити (ЕКТС), односно Болоњската конвенција за високо образование, која се применува во Европската унија.

**Член 3**

Бројот на кредити кои ги носи конкретен предмет зависи од вкупниот број на наставни часови предвидени во еден семестар (предавања, аудиторсиски вежби, лабораториски вежби) како и од обемот на обврските по конкретниот предмет.

Еден семестар го сочинуваат шеснаесет (16) работни недели.

На прв циклус студии еден (1) ЕКТС е еднаков на 25 до 30 часа академско оптоварување.

Вкупниот број на часови (предавања од професор, вежби, индивидуална работа, активно истражување на работни задачи, вклучувајќи ги часовите за оценка на знаење) за предмет од шест (6) ЕКТС изнесува стопедест (150) часа, а за предмет со вредност од осум (8)

ЕКТС кредити изнесува двесте (200) часа. Вкупниот број на часови ја одредува кредитната вредност на предметот.

На втор циклус студии, структурата на кредитната вредност може да биде определена на поинаков начин од таа што е определена за прв циклус студии, при што се зголемува оптоварувањето кое произлегува од индивидуална работа на студентот. Индикативниот минимум на предавање (контакт часови) за предмет со вредност од шест (6) ЕКТС изнесува дваесетичетири (24) часа, вклучувајќи ги часовите за проверка на знаење, а за предмет со вредност од осум (осум) ЕКТС изнесува дваесетиседум (27) часа, вклучувајќи ги часовите за проверка на знаење.

При ангажирање на визитинг професори, контакт часовите можат да бидат структуирани со поинаква динамика и вкупното оптоварување може да биде поинаку структуирано во однос на тие што се определени во ставовите 3 и 4 на овој член.

**Член 4**

Стекнување на потребен број на кредити е еден од условите за успешно завршување на секоја студиска програма на Бреинстер Некст.

За стекнување со диплома за прв циклус студии, согласно Европскиот систем за трансфер на кредити, потребно е да се освојат најмалку 180 ЕКТС кредити доколку тоа е предвидено со соодветната студиска програма.

За стекнување со диплома специјалист, согласно Европскиот систем за трансфер на кредити, потребно е да се освојат најмалку 60 ЕКТС кредити, доколку тоа е предвидено со соодветната студиска програма, вклучувајќи ги и кредитите за успешно одбранет специјалистички труд.

1. **Признавање на кредити при трансфер на студенти**

**Член 5**

Кредитите кои студентот ги освоил на студии во друга високообразовна установа се принаваат доколку ги задоволуваат условите на Бреинстер Некст, односно доколку:

- Високообразовната установа на која се освоени кредитите е соодветно акредитирана од надлежните органи за акредитација и
- Предметните програми за предметите за кои се бара признавање на освоени кредити соодветствуваат со предметните програми кои се нудат на студиските програми на Бреинстер Некст Скопје

**Член 6**

Постапката за признавање на кредити по предмети започнува со поднесување на писмено барање од страна на студентот. Кон писменото барање во прилог се доставуваат оригинални или нотарски заверени копии од следните документи:

- Исписница од високообразовната установа на која се освоени кредитите,
- Официјална потврда за положени предмети (транскрипт, уверение за делумно завршена програма)
- Студиска програма на која бил запишан студентот,
- Предметна/ни програма/ми.

Потврдите за положени предмети на високообразовни установи во САД или Европа треба да бидат официјални и доставени директно на адресата на Бреинстер Некст Скопје, од страна на високообразовната установа која ја издала потврдата или да ги достави лично студентот во официјално затворен плик. На потврдата треба да има информации за кредитниот систем кој се користи за оценување на студентите.

**Член 7**

Вработените на Бреинстер Некст, при отворање на официјални документи, треба да се потпишат на пликот, и со читлив ракопис да наведат целосно име и презиме и датум на прием и отворање на пликот, односно документите.

Неофицијалните документи ќе се разгледуваат, но нема да се земаат во предвид при признавање на кредити.

Документите се доставуваат на евалуација до соодветните академски координатори, додека последната контрола и заверка ја извршува директорот или генералниот менаџер на Бреинстер Некст.

Академскиот координатор треба да направи увид во целокупната документација и студиските програми од член 6 и утврдува кои предмети се компатибилни и можат да се признаат. Откако предлогот ќе се одобри од страна на директорот или генералниот менаџер, академскиот координатор изготвува решение за признавање, кое се потпишува од страна директорот.

**Член 8**

Доколку кредитите по предметите се пресметани по ЕКТС кредитен систем, истите можат да се признаат со идентичен број на кредити.

Доколку кредитите по предметите се пресметани согласно други системи на оценување, академските координатори ќе го определат соодветниот број на кредити кои ќе бидат признати по конкретен предмет.

## 2. Признавање на кредити на кандидати со завршено високо образование (дипломирани)

**Член 9**

На кандидати со завршено високо образование (дипломирани студенти) на други акредитирани високообразовни институции, кои се запишуваат на прв циклус студии на

Бреинстер Некст Скопје, можат да им се признаат предмети од првиот циклус на студии ако студиската програма по која студентот дипломирал е компатибилна со програмата на Бреинстер Некст Скопје на која кандидатот аплицира.
Вкупниот број на кредити кои можат да им се признаат на кандидатите од став 1 на овој член при запишување на прв циклус на студии е најмногу до 60% од вкупно освоените ЕКТС кредити на претходно завршените студии на прв циклус.
Кандидатот задолжително ја приложува следната документација во службата за студентски прашања:

- уверение за положени испити,
- диплома,
- студиска програма по која го завршил високото образование и опис на предметите кои ги полагал.

Директорот или генералниот менаџер на Бреинстер Некст Скопје треба да направи увид во целокупната документација и студиските програми од став 3 на овој член и утврдува кои предмети се компатибилни и можат да се признаат, при што донесува и потпишува решение за признавање.

3. **Студенти од странство**

**Член 10**

Студенти од странски универзитети кои се заинтересирани да следат настава на прв или втор циклус студии на некоја од студиските програми на Бреинстер Некст Скопје за еден или повеќе семестри, треба да ја доставaт следната документација:

- Официјална потврда за положени предмети (транскрипт) од матичниот универзитет со информации за кредитниот систем кој се користи за оценување,
- Барање од студентот или високообразовната установа на која тој е запишан со наведени предмети за кои студентот треба да посетува настава,
- Пасош (копија),
- Дозвола за престој од надлежните органи на РСМ

Потврдата од став 1 алинеа 1 на овој член треба официјално да се достави на адресата на Бреинстер Некст Скопје, или студентот лично да ја достави во официјално затворен плик.
Бреинстер Некст на студентите од став 1 на овој член им издава потврда за положени предмети (официјален транскрипт).
Доколку студент од став 1 на овој член одлучи да ги заврши студиите на Бреинстер Некст Скопје, се применува целата постапка за признавање на кредити при трансфер на студенти, при што студентот треба да достави нострификација на дипломата од средно образование од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Одредбите од овој член не се применуваат за студенти, кои посетуваат настава по однапред утврдена програма за која не се доделуваат ЕКТС кредити. На тие студенти им се доделува сертификат.

4. **Останати одредби**

**Член 11**

Правилникот се применува за сите студиски програми на Бреинстер Некст Скопје.

**Член 12**

Правилникот стапува во сила со денот на негово донесување. Правилникот да се достави до директорот на Бреинстер Некст, членовите на Наставничкиот Совет, службата за студентски прашања, академските координатори и до архивата на Бреинстер Некст Скопје.

**Наставнички Совет на**
**Бреинстер Некст Скопје**
**Директор**
**М-р Анја Марија Макеска**